З А П И С Н И К

од десетиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации

Десетиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации, свикан од Претседателот на Комисијата се одржа на 12.08.2020 во 20:00 часот, по телефонски пат.

Согласно деловникот за работа на Комисијата, Претседателот ги испрати пристигнатите материјали до сите членови на Комисијата, како и Предлог дневниот ред.

Дневниот ред имаше 13 точки и тоа:

1. Усвојување на дневниот ред за десетиот состанок на Комисијата на АЕК;
2. Усвојување на Записникот од деветиот состанок на Комисијата на Агенцијата;
3. Барање согласност за измена и дополнување на ГПЈН за 2020 година;
4. Барање согласност за јавна набавка на услуга обезбедување на имот и лица во АЕК;
5. Барање согласност за јавна набавка на услуга Одржување на ГПС систем на возила – флит менаџмент;
6. Барање согласност за јавна набавка на услуга - здравствени услуги;
7. Барање согласност за јавна набавка на стока – течни горива за затоплување;
8. Барање согласност за јавна набавка на услуга - поправка и сервисирање на моторни возила;
9. Разгледување на извештајот за работата на Агенцијата за вториот квартал од 2020 година;
10. Барање за измена на годишниот финансиски план за 2020 година;
11. Барање за измена на Деловникот за работа на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации;
12. Барање за измена на актот за систематизација на работните места во Агенцијата за електронски комуникации;
13. Барање согласност за јавна набавка на услуга- изработка на систем за on-line обуки за сајбер безбедност за раководен кадар и вработени во јавна администрација;
14. Разно.

Откако претседателот на Комисијата имаше воведно излагање по однос на предложениот Дневен ред, сите членови на Комисијата го усвоија истиот.

После тоа едногласно се усвои Записникот од деветиот состанок на Комисијата.

Околу барањето за согласност за измена и дополнување на ГПЈН за 2020 година која измена се однесува за дополнување во веќе планирана набавка за здравствени услуги на вработените, а со оглед на ситуацијата со пандемијата во државата, се даде согласност за ваквата измена;

Околу барање согласност за јавна набавка на услуга обезбедување на имот и лица во АЕК, директорот појасни дека станува збор за веќе предвидена набавка по што се даде согласност за ваквата набавка;

Околу барање согласност за јавна набавка на услуга Одржување на ГПС систем на возила – флит менаџмент, директорот појасни дека станува збор за веќе предвидена набавка по што се даде согласност за ваквата набавка.

Околу барање согласност за јавна набавка на услуга - здравствени услуги, директорот појасни дека станува збор за веќе предвидена набавка по што се даде согласност за ваквата набавка.

Околу барање согласност за јавна набавка на стока – течни горива за затоплување, директорот појасни дека станува збор за веќе предвидена набавка по што се даде согласност за ваквата набавка.

Околу барање согласност за јавна набавка на услуга - поправка и сервисирање на моторни возила, директорот појасни дека станува збор за веќе предвидена набавка по што се даде согласност за ваквата набавка

Членовите го разгледаа извештајот за работата на Агенцијата за вториот квартал од 2020 година, беше дискутирана работата на Агенцијата во овој период на пандемија кога одреден дел од вработените работеа од дома, а дел работеа во смени, по што се затвори оваа точка.

Во однос на барањето за измена на годишниот финансиски план за 2020 година, Директорот на Агенцијата истакна дека оваа измена е заради обезбедување на средства за донации, во која постапка на измена беа предложени и одредени дополнителни измени од страна на секторитеПо ова членовите на комисијата го одложија ова барање за нареден состанок, до кога треба да се даде изменет предлог на ГФП.

Околу барањето за измена на Деловникот за работа на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации, Претседателот на комисијата ги објасни причините за истите кои се поради начинот на функционирање на Комисијата за време на пандемија и вонредни состојби. Ваквите измени и дополнувања на Деловникот ќе овозможат поедноставно и поефикасно работење на членовите на Комисијата, како и одлучување по предложените точки.

Во однос на барањето за измена на актот за систематизација на работните места во Агенцијата за електронски комуникации се отвори дискусија по што членовите ја одложија оваа точка за еден од следните состаноци.

Околу барањето на согласност за јавна набавка на услуга- изработка на систем за on-line обуки за сајбер безбедност за раководен кадар и вработени во јавна администрација, Членовите на комисијата дадоа согласност за истата.

Под точката разно Претседателот на Комисијата побара од Директорот да ја задолжи  правната служба на АЕК да изготви правно мислење и анализа на договорот  со предметот со АСЕКО, во насока кои се обврските на АСЕКО согласно договорот, дали се извршени тие обврски целосно или делумно, дали има пропусти во работењето на страната на АЕК во спроведувањето/одобрувањето на договорот, дали има правна можност за поведување на постапка за надомест на штета против АСЕКО. Исто такво правно мислење и анализа на договорот да биде побарана од надворешно адвокатско друштво/адвокат, со кои АЕК има склучено договор за адвокатски услуги.

По ова седницата заврши во 21:40 часот.

Стевица Јосифовски, претседател___________

Гордана Клинчарова, член _____________________

Ервин Реџепагиќ, член______________________

Дешира Имери, член ______________________

Горан Велинов, член ______________________